Марјан Ивaноски
Институт за национална историја – Скопје

УДК 329:314.743 (4-5: = 163.3) “1956“

# МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ФРОНТ: ПРВАТА МАКЕДОНСКА ЕМИГРАНТСКА ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЗАПАДНА ЕВРОПА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Втората светска војна за Македонците претставувала можност да се реализира националниот стремеж за формирање сопствена национална држава. Завршетокот на војната резултирал со формирањето на федерална Македонија во рамките на југословенската федерација, со што се реализирал тој стремеж на само еден дел од нејзината етно-географската територија.

Таквото парцијално решение на македонското национално прашање резултирало со голем бран незадоволства како во федерална Македонија, која влегла во рамките на југословенската федерација, така и во деловите од Македонија што останале под власта на Бугарија и на Грција. Како форма на тоа незадовлство, веднаш по конституирањето на федерална Македонија биле формирани многубројни конспиративни групи и организации чии главни цели биле обединување и демократизација на Македонија.[1] Тие групи и организации најчесто го користеле името на старата македонска

[1] Виолета Ачкоска, *Братството и единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија* (Скопје: Институт за национална историја, 2003), 84.

револуционерна организација ВМРО.[2] Во периодот од 1946 до 1949 година од страна на властите на Народна Република Македонија (НРМ) биле разоткриени вкупно 46 вакви групи и организации и биле уапсени 767 лица.[3] Дел од членовите и од поддржувачите на овие организации и идеи, како осудените, по напуштањето на затворите, така и дел од оние што не биле судени, илегално емигрирале од Југославија, и тоа најмногу во Грција, но и во Италија и во Австрија. Таму, пред полициските службеници се претставувале како политички емигранти, по што биле префрлани во логорите наменети за таа категорија емигранти. Во тие логори емигрантите останувале од неколку месеци, па до неколку години, во зависност од одлуката на тамошните власти. Од логорите, емигрантите организирано биле депортирани во одредена земја која пројавила интерес да ги прифати. Најчесто тоа биле некои земји од Јужна Америка и од Западна Европа, но и Австралија и Нов Зеланд.[4]

Во Западна Европа македонските политички емигранти прво биле депортирани во Белгија и во скандинавските земји, од каде што подоцна дел од нив се населувале и во другите држави од Западна Европа. Таков е случајот со концентрацијата на извесен број емигранти во Франција. Имено, во Париз во 50-тите години од XX век се нашле неколку десетици македонски емигранти, кои преку разни канали пристигнале од Белгија и од скандинавските земји. Освен тоа, во одредени случаи тие во Франција пристигнале од прекуокеанските земји како што е Јужна Америка. Од таму допатувале Драган Богдановски и Сандо Христов.

Драган Богдановски во 1951 година илегално ја напуштил Југославија и преминал во Грција.[5] Таму бил сместен во логорот за политички емигранти во Лаврио и по шестмесечен престој заедно со поголема група македонски емигранти бил депортиран во Бразил. Во

---

[2] Зоран Тодоровски, „Политичката опозиција во Македонија по Втората светска војна", *Историја*, год. XXXVI/1-2 (Скопје: 2000), 43.

[3] Михајло Миноски, „Тајната политичка организација ВМРО во Народна (Социјалистичка) Република Македонија", зборник *Златна книга 100 години ВМРО* (Скопје: Глас на ВМРО-ДПМНЕ, 1993), 244-246.

[4] Илија Максимовски, *Политичкиот затвореник за Македонија* (Скопје: 1991), 35.; Документационо одделение на Институтот за национална историја, фонд: Оставина на Крсте Црвенковски, Информација за националистичките движења сред македонската емиграција во Западна Европа.

[5] Државен архив на Република Македонија, Фонд: ОЗНА/УДБА/РСВР/МВР досиеја водени од поранешната МВР/УДБ (885), Досие за лице во историски архив Богдановски Наско Драган, бр. на лично досие 20218, кутија 744, Папка II, Ev. br. 127, Predmet: Razgovor voden so „Kozjak" na 8.6.1977 godina, стр. 2 (Понатаму: ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски).

1954 година решил да се врати во Европа со својот пријател Сандо Христов, па тие како „слепи патници" се качиле во брод за Франција. По откривањето од бродската полиција, во согласност со француските закони, биле затворени еден месец поради илегално влегување во Франција,[6] а потоа добиле документ за привремен престој во времетраење од 3 месеци. Богдановски и Христов се пријавиле во Комитетот за признавање и доделување политички азил и се стекнале со статусот политички емигранти од Источна Европа. Ваквиот статус му овозможил на Богдановски да добие стипендија за студирање на Факултетот за политички науки во Париз.[7]

Во Париз, Богдановски и Христов се запознале со други македонски емигранти, од кои мнозинството биле студенти. Сите овие емигранти биле задоени со идејата за формирање независна и обединета македонска држава, што, всушност, бил главен мотив за нивно групирање. Иницијатор за формирање емигрантска политичка организација која би ги застапувала тие идеи бил токму Драган Богдановски. Ваквата Организација требало да претставува противтежа на доброорганизираната и пробугарски ориентирана Македонска патриотска организација (МПО).[8]

Организацијата била наречена Македонски национален фронт (МНФ). Со ова име МНФ требало да претставува обединувачки фактор меѓу македонските емигранти кои, без разлика на нивната идеолошка и политичка определба, ги обединувала идејата за создавање независна и обединета македонска држава. Основачкото собрание се одржало во пролетта 1956 година во Париз, во присуство на 20 лица, од кои повеќемината студенти.[9] На почетокот биле прочитани рефератите на

---

[6] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски???, 6.

[7] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 746, папка III, Извештај бр. 1 од 9.6.1977 г., 8.

[8] Во октомври 1922 година бил одржан основачкиот конгрес на македонските братства во САД и во Канада на кој тие се обединиле во Сојуз на македонските политички организации (МПО), додека за поорганизирано дејствување на македонската емиграција, во текот на 1924 година ВМРО го испратила Јордан Чкатров, и тоа кога бил одржан Третиот конгрес на МПО. Оваа Организација, иако ја исфрлила паролата „Независна Македонија", во наредните години станала инструмент за спроведување на великобугарската политика на американскиот континент. Види: Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934* (Скопје: РОБЗ, 1997), 88-93.

[9] На основачкото собрание присуствувале студентите: Ѓавочанов Стефан, Давидовски Стојан, Шопов Боге, Јанев Иван, Попов Панде, Христов Сандо, Настев Томе, Уљанов Сотир, Ќосев Миле, Димовски Коста, Зарев Крсто, Папатрифун Панде, Папатрифун Марија (ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 742, папка VIII, РСВР – СРМ; СДБ – III сектор, 20.11.1979 година, Скопје, 04-145, Објект: КП Дом „Идризово",

Богдановски и на Христов насловени како „Македонското национално прашање, вчера и денес“, односно „Денешната политичка положба на Македонија“,[10] а потоа, според дневниот ред, била донесена и политичка платформа[11] на МНФ, која била изработена од страна на Богдановски. Оваа политичка платформа на МНФ била базирана врз двете основни цели на МНФ: третманот на „македонското прашање како национално прашање, а не само како политичко прашање“ и борба за остварување на „вековниот илинденски идеал на македонскиот народ да живее во своја сопствена обединета национална држава“.[12] Во политичката платформа било третирано и прашањето за обликот на политичкото уредување на идната обединета македонска држава. Ова прашање требало да го решат граѓаните непосредно преку референдум.[13]

Организацијата имала своја минимална и максимална програма. Според минималната програма, за Македонците од пиринскиот и од егејскиот дел на Македонија било предвидено извојување национална автономија, „слична на онаа што ја уживале Македонците во СРМ“, додека, пак, максималната програма предвидувала „обединување на трите дела на Македонија“.[14]

На основачкото собрание било одлучено да се формира главен орган – Централен комитет (ЦК), составен од 7 члена и да почне да се издава весникот *Македонска искра* како печатен орган на МНФ. За претседател на ЦК бил избран Иван Јанев, за потпретседател Стево Ѓавочанов, а за секретар Драган Богдановски, кој воедно ја добил задачата да биде и редактор на печатениот орган на организацијата.[15]

Непосредно по основачкото собрание, започнало и подготвувањето на првиот број на весникот *Македонска искра*, за кој редакторот Драган Богдановски подготвил шест написи. Свои прилози

---

Лица: ОО „Рашомон“, осуден за кривично дело здружување против народот и државата на 13 г. затвор, Службена белешка, стр. 5).

[10] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 6-7.

[11] Политичката платформа на МНФ не е достапна. За нејзината содржина добиваме информации само од подоцнежните изјави на Драган Богдановски.

[12] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 8.

[13] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 8.

[14] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 10-11.

[15] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 7.

подготвиле и Сандо Христов и Крсто Зарев, во кои доминирале теми од историското минато на македонскиот народ.[16]

И покрај трудот што го вложиле редакцијата и авторите за целосно подготвување на првиот број, поради недостаток на финансиски средства весникот воопшто не излегол. Само еден дел од отпечатените примероци Богдановски успеал да земе од печатницата и да ги подели меѓу симпатизерите и емигрантите во Франција, Германија, Бразил и во САД.[17]

Многубројните потешкотии со кои се соочувала МНФ сепак не претставувале пречка за тоа да ја рашири својата мрежа во повеќе земји. Така, во Бразил бил формиран поткомитет на МНФ кој се состоел од 10-15 лица, додека во САД организацијата имала неколкумина симпатизери. И во Франција, во градовите Марсеј и Лион, МНФ имала свои приврзаници, а во Лион формирале и поткомитет. Во Германија ваков поткомитет бил формиран во градот Герменсхајм. Комуникацијата помеѓу поткомитетите и ЦК се одвивала по писмен пат, но не ретко биле правени обиди и за остварување контакти преку меѓусебна посета.[18]

Организацијата веднаш по формирањето добила понуда за соработка од други емигрантски организации. Меѓу првите такви организации што пројавиле желба да соработуваат со МНФ била Југословенскиот народен одбор.[19] Оваа организација предлагала МНФ, односно емигрантите-Македонци од југословенскиот дел да влезат како македонска секција во нејзиниот состав. Богдановски ја одбил соработката со образложение дека „македонското прашање ги надминува југословенските рамки“.[20] Исто така, и некои хрватски емигранти биле заинтересирани за соработка со МНФ. Меѓутоа, и овој предлог бил одбиен од Богдановски, затоа што тие, пред сѐ, соработувале со приврзаниците на МПО, а воедно и поради фактот што најголемиот дел од нив биле активни во профашистичкиот режим

---

[16] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 744, папка II, ev. br. 127, Predmet: Razgovor voden so „Kozjak“ na 8.06.1977 godina., 7

[17] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., стр. 9.

[18] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., стр.8

[19] Југословенскиот народен одбор бил формиран во 1945 година од Слободан Јовановиќ и некои други предвоени политичари, со крајна цел преобразба на Југославија во држава од западноевропски тип (http://www.novosti.rs/dodatni_sadrzaj/clanci.119.html:357854-Ostro-pero-u-tudjini).

[20] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 9.

во Хрватска во времето на Втората светска војна, што негативно би влијаело врз репутацијата на МНФ.[21]

Активностите на ваквите групации и емигрантски здруженија што потекнувале од Југославија не останале незабележани од југословенската Управа за државна безбедност (УДБ), која имала раширена мрежа на соработници во странство. Во зависност од републиката од каде што доаѓале емигрантите, била ангажирана и соодветната републичка УДБ. Така, следењето на членовите на МНФ и, воопшто, на македонските политички емигранти било под ингеренција на УДБ на Народна Република Македонија (НРМ). УДБ пројавила особено голем интерес за Драган Богдановски, кој поради својата активност бил вброен во т.н. категорија на екстремни емигранти. Затоа Богдановски бил под постојан надзор од УДБ, која започнала да го создава неговото лично досие преполно со информации од неговиот приватен живот и политички ангажман.

Активностите што УДБ ги презела против дејноста на Богдановски и на МНФ се сведувале на уфрлање агенти и соработници во редовите на организацијата кои требало да извлечат информации за намерите, целите и за дејствувањето на МНФ. Сепак, како Богдановски така и другите членови на МНФ биле особено внимателни кога стапувале во контакт со лица за кои се сомневале дека се соработници на УДБ. Во таквите случаи тие применувале посебна тактика, која се состоела од намерата да ја прикажат МНФ како моќна и силна организација, па ги повикувале сомнителните членови на некои „важни“ состаноци на кои требало да се донесат значајни одлуки.[22] Освен тоа, како друга мерка на претпазливост се

[21] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 9-10

[22] Претпоставуваме дека еден таков т.н. проширен состанок на МНФ бил одржан на 27 август 1957 година. Според податоците од полициското досие на Драган Богдановски, добиени од информатор кој присуствувал на тој состанок, МНФ божем подготвувал уфрлање на диверзантско-терористичка група во СФРЈ. Групата требало да биде под раководство на извесен Гошо Келајов, Македонец – офицер во американската војска. Таа требало да биде составена од две подргупи со посебни задачи. Задачата на едната група се состоела во организирањето лица во НР Македонија за вршење пропаганда меѓу македонскиот народ за ослободување од комунизмот и создавање нова македонска држава, која „ќе биде ослободена од југословенско-бугарскиот комунистички терор како и од Грција“. Според расположливите податоци, Богдановски сметал дека главната група треба да биде современо вооружена и да одржува контакти со „американските раководители“. Базата на групата требало да биде лоцирана во битолското село Кременија, од каде што едната подгрупа требало да го извиди теренот и да дознае повеќе за војската, воените центри, стратешките позиции, границите и сл. Другата подгрупа имала за

сметал и начинот на комуникација на членовите на МНФ. Имено, таквите лица биле љубезно прифаќани, а ги изнесувале и во елитни ресторани и на прошетки низ Париз сметајќи дека ќе „западнат во искушение и самите ќе побараат да останат во Франција како политички емигранти“. Со „братскиот“ прием успевале кај нив да ја разбудат совеста и да им признаат дека биле испратени со задачи од УДБ.[23]

Дека УДБ го сметала Богдановски за екстремен емигрант говори и фактот што пред посетата на Јосип Броз Тито на Франција во 1956 година, југословенските власти побарале 60-ина емигранти од СФРЈ кои престојувале во Франција, а меѓу кои бил и Богдановски како петти на списокот, да бидат привремено интернирани. Француската влада, во согласност со протоколот предвиден за посетите на странски државници, постапила по барањата на југословенските служби. Така, Драган Богдановски бил уапсен во Париз од страна на цивилната полиција и заедно со другите членови на МНФ: Сандо Христов, Стеван Ѓавочанов, Иван Јанев и Сотир Ќосев, бил интерниран во хотел на Корзика.[24] Во истиот хотел престојувале и другите емигранти од СФРЈ. И покрај тоа што сите емигранти требало да отседнат една седмица, сепак Богдановски четвртиот ден од престојот успеал да побегне од хотелот и да се врати во Париз.[25]

Набргу по оваа случка активноста на МНФ замрува. Причините лежат во тоа што како неговото раководство така и членството поголемо внимание посветувале на студиите на факултетите отколку на политиката.[26] Меѓутоа, и покрај тоа што политички повеќе не биле

задача да дознае повеќе информации за државно-политичките лидери во Македонија, за нивните функции, локации. Освен тоа, оваа подгрупа требало да дојде до информации за локацијата на УДБ за НРМ, како и до податоци за бројноста и за „јачината“ на полицијата. Првата група требало да дознае повеќе за затворот „Идризово“, за неговиот управник и да направи скица на Скопје. Тие информации требало да ѝ се предадат на американската разузнавачка служба (ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 741, Папка I, Оперативна документација, бр. 6, 9-10).

[23] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка IV, Изјава на Драган Богдановски дадена на 28.8.1977 г., 1.

[24] Кога бил спроведен во полициската станица, командирот на станицата на шега му кажал: „Ние, Французите, со вас, Македонците, мораме сега сериозно да постапуваме, зашто вие во 1934 година го убивте кралот Александар и претседателот Барту“ (ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, кутија 747, папка IV, Изјава на Драган Богдановски дадена на 13.9.1977 г., 1-2).

[25] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 745, папка IV, Разговор со Драган Богдановски воден на 5.7.1977 г., 755-757.

[26] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 742, папка VIII, РСВР – СРМ, СДБ – III сектор, 20.11.1979 г., Скопје, 04-145; Објект: КП дом „Идризово“, Лица: ОО

активни, тие извесен период продолжиле да се собираат по повод разни прослави и одбележување на значајни датуми од македонската историја.[27]

И покрај кусиот век и ограничената активност, МНФ, всушност, претставува прва организација на македонските политички емигранти во Западна Европа по Втората светска војна која била оформена на македонска национална основа. Иако Организацијата релативно кусо опстојувала и немала некои посериозни активности, била забележана од другите југословенски емигрантски организации, но и од југословенската тајна служба. Оваа македонска политичка формација, како национална организација, го означила почетокот на стагнацијата на ванчомихајловистичките идеи вкоренети меѓу македонската емиграција во Западна Европа. Имено, појавата на оваа организација, која го отфрлала комунизмот, но и секоја друга идеологија како наднационална, претставувала директен одговор на тврдењата дека за создавањето на македонската нација биле „заслужни комунистите". Всушност, со зајакнувањето на македонската самосвет меѓу македонската емиграцијата, влијанието на МПО почнало да опаѓа, што било особено видливо во наредните децении, кога бројноста на нејзините поддржувачи и симпатизери драстично се намалила дури и на северноамериканскиот континент, каде што ги имало најмногу.

„Рашомон", осуден за кривично дело здружување против народот и државата на 13 г. затвор, Службена белешка, 5.

[27] ДАРМ, ф. 885, досие за Драган Богдановски, к. 747, папка V, Исказ на Драган Богдановски пред Окружниот суд Скопје на 11.12.1978 г., 9.

Marjan IVANOVSKI

# MACEDONIAN NATIONAL FRONT: THE FFIRST MACEDONIAN IMMIGRANT POLITICAL ORGANIZATION IN WESTERN EUROPE AFTER THE SECOND WORLD WAR

*- s u m m a r y -*

The organization *Macedonian National Front* (MNF) was the first Macedonian immigrant political organization in Western Europe after the Second World War, established in Paris, France in 1956. Its main aims were the realization of the idea of a united and independent Macedonian state. Although it lasted only briefly and without any serious action, its appearance was a strong blow to the pro-Bulgarian *Macedonian Patriotic Organization* (MPO) and their anti-Macedonian theses.